Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 102, 15 мај 2013 година

мај 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти-пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научна област биологија, биохемија со физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 8

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Машини и опрема во растителното производство" од авторот доц. д-р Зоран Димитровски од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Трудово право–практикум" (со коментар на законот за работните односи и модели на акти и обрасци за практична примена) од авторот доц. д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Психијатрија" од авторите проф. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доц. д-р Гордана Панова, проф. д-р Гунтер Никлевски, проф. д-р Дијана Беловска, м-р. д-р Стојан Бајрактаров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 20

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ - ПИЈАНО И СОНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 19.12.2012 година донесе Одлука 1902-191/4 за распишување на Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно- научната уметничка област ***видови инструменти - пијано и сонологија*** на Факултетот за музичка уметност.

На 12.2.2013 година Наставно - научниот совет донесе Одлука број 1902-41/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *видови инструменти - пијано и сонологија* на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- проф. м-р Татјана Џорлева, претседател;
- проф. м-р Емилија Потевска, член;
- проф. м-р Антонијо Китановски, член.

Во предвидениот рок на Конкурсот на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 11.1.2013 г., за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти - пијано и сонологија, се пријавија двајца кандидати: м-р Христо Стојаноски и м-р Невенка Трајкова.

По прегледувањето на приложената документација од кандидатите до Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:

- кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство;

*Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат*

Кандидат: м-р Христо Стојаноски

Пријава: има

Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд: има

Потврда за странски јазик. има

Кратка биографија: има

Список на трудови/концерти (член 127): има

Уверение за државјанство: има

*Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат*
Кандидат: м-р Невенка Трајкова
Пријава: има
Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд: нема (кандидатката поднесе диплома за завршени магистерски студии по пијано, но не приложи документи за соодветно образование со кое би ја покривала областа *сонологија*)
Потврда за странски јазик: има
Кратка биографија: има
Список на трудови/концерти (член 127): има
Уверение за државјанство: има
Земајќи предвид дека Конкурсот гласи за избор на наставник во сите звања за уметничката област *видови инструменти - пијано и сонологија*, кандидатката м-р Невенка Трајкова не ги исполнува во целост пропишаните услови според Конкурсот. Кандидатот м-р Христо Стојаноски во целост ги исполнува условите пропишани со Конкурсот.

***Биографски податоци***
Кандидатот **м-р Христо Стојаноски** е роден во Скопје, каде што завршува основно и средно музичко образование. Додипломските студии по пијано ги завршува во класата на проф. Стела Слејанска, додека сонологија во класата на проф. Димитрије Бужаровски. Магистерските студии по методика на наставата по пијано ги завршува во Скопје на Факултетот за музичка уметност во класата на проф. Тодор Светиев. Во моментов е на докторски студии по комуникологија на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ во Скопје, под менторство на проф. д-р Ганка Цветанова. Во неговите професионални активности се вбројуваат учества на семинари и мастер класи по пијано, како и обуки од областа на аудио и видео продукцијата во Македонија, Англија, Швајцарија итн. Се издвојуваат семинари и мастер класи по пијано кај Моник Дешосе, Колет Ферние, Рамзи Јаса и други, кои се еминентни имиња во областа на пијанизмот, додека од областа на аудиопродукцијата, електронската музика и дигиталното архивирање звук се издвојуваат обуките на Дитер Рингли, Димитрије Бужаровски, продуценти и тон мајстори од МРТВ и др.

***Наставно-образовна дејност***
- Од 2004 до 2007 година работи како демонстратор по сонологија на Факултетот за музичка уметност – Скопје.
- 2006/2007 година работи како професор по пијано во ДМУ „Тодор Скаловски - Тетоец“ – Тетово.
- Од 2007 година работи како асистент по пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. На истиот факултет го предава предметот Пијано на МТП, а во исто време држи вежби по предметот Пијано на ВИ оддел. За предметите Пијано 1 на ВИ оддел и Теорија на аудиопродукција на џез оддел, Стојаноски има изготвено рецензирани скрипти за кои има користено богата литература од релевантни автори од областите. Неговите студенти по пијано од МТП се со солиден успех, а особено се истакнува студентот Александар Манев, кој учествува на разни видови концерти, перформанси, аудиции за концерт со филхармонија, натпревари и др.

***Стручно-уметнички активности***
Во текот на изминатите години, Стојаноски успешно реализираше стручно-уметнички активности во Р. Македонија. Има реализирано бројни аудио и видео снимања значајни за областа сонологија. Позначајни од нив се:
1. 2006/2007 година, аудио снимања за потребите на ТВ Менада, Форте плус радио, ТВ Кис од Тетово и УГД ФМ – Штип (x2);
2. 2006/2007 година, изградба на тонско студио и реализација на аудио снимки, компакт-дискови во ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец“;

3. 2009 година, монтажа, раководител и координатор на опремата за озвучување и снимање во Мултимедијалниот центар при УГД – Штип;
4. 2009 година, објавено ДВД со аудио снимка од концерт одржан во Мултимедијалниот центар при УГД за потребите на УГД ФМ и Центар за односи со јавноста;
5. 2012 година, Снимање и продуцирање на компакт-диск на пијано дуо Емилија Потевска и Татјана Џорлева реализиран во август 2012 година;
6. 2004/2007 година, реализирано над 1.000 минути аудио и видео снимки и хроники, како и учество во дигитализации на снимки кои се културно наследство и се од огромно значење за Р. Македонија, реализирани преку Темпус проект во рамките на ИРАМ при ФМУ – Скопје;
7. 2004 година, емисија за КУД „Јени Јол“ (ИРАМ);
8. 2004 година, концерт на симфонискиот оркестар при ФМУ- Скопје (ИРАМ).

Исто така, Стојаноски има објавено стручно научни книги, учебни помагала и трудови:

9. 2010 година, објавена книга, „Музиката за пијано на Клод Дебиси и нејзиното значење во развојот на пијанистичкиот израз на дваесеттиот век“, ISBN 978-9989-682-57-5;
10. 2010 година, објавена книга, „Профилот на темите застапен во циклусот за пијано ‘Дваесет погледи кон детето Исус’ од Оливие Месиан и карактеристиките на нивната пијанистичка фактура“;
11. 2010 година, објавен труд, „Анализа на пијанистичката техники користени во циклусот за пијано ‘Дваесет погледи кон детето Исус’ од Оливие Месиан“, Кон-такт, ISSN 1857-5962;
12. 2011 година, објавен труд, „Инструменталната пијано техника на Оливие Месиан употребена во циклусот Дваесет погледи кон детето Исус“, зборник-ФМУ, ISSN 1857-7296;
13. 2011 година, стручно излагање, „Франц Лист: Нови насоки во развојот на пијанизмот“, ЕПТА;
14. 2010 година, стручно излагање, „Педагошкиот аспект на творештвото за пијано на Клод Дебиси“, ЕПТА;
15. 2010 година, стручно излагање, „За музиката на Шопен“, Денови на франкофонијата, ФМУ-Штип,
16. 2011 година, објавен текст, „Марта Аргерич – магија на пијаното“, Комплетна, бр.171
17. 2012 година, учебно помагало, „Вовед во теорија на аудио продукција“, ФМУ – Штип,
18. 2012 година, учебно помагало, „Водич низ пијанистичките техники“, ФМУ – Штип.

Во изминатиот период, Стојаноски реализирал и концертна дејност и тоа:

19. Јануари 2013 година, Пијано концерт ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани;
20. Февруари 2013 година, Пијано концерт „Ликовен салон“ – Велес.

***Стручно-апликативна дејност***

Стојаноски е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити, уписни комисии и др. Учествувал и во создавањето и развивањето на Мултимедијалниот центар при УГД. Стојаноски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по пијано на Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 38 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Кандидадтка м-р Невенка Трајкова не ги исполнува критериумите за избор наведени во Конкурсот.

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Христо Стојаноски ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент за наставно - научната уметничка област видови инструменти - пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку снимање, концертирање, објавување трудови и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот м-р Христо Стојаноски во звање доцент за наставно-научната уметничка област видови инструменти-пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Татјана Џорлева, вонреден професор, претседател, с.р.**
**М-р Емилија Потевска, вонреден професор, член, с.р.**
**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, член, с.р.**

| **Реден број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум (број во рефератот: 17 и 18) | **2x8=16** | |
| 9. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание (број во рефератот: 11 и 12) | **2x1=2** | |
| 10. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма (број во рефератот: 1(x5), 7 и 8) | **7x0,5=3,5** | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | **9x1=9** | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | **48** | |
| | Вкупно поени | **78,5 од потребни 30** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга (број во рефератот: 9 и 10) | **2x10=20** | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатени во (СЦИ/ЦА/останати) (број во рефератот: 12) | **1x3=3** | |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (број во рефератот: 11, 13, 14, 15, 19, 20) | **6x2=12** | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | **4** | |
| 13. | Учесник во научен проект (два Темпус проекти во рамките на ИРАМ, број во рефератот: 6, 7 и 8) | **2x2=4** | |
| | Вкупно поени | **43 од потребни 38** | |

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | во земјава | во странство |
| 15. | Техничко унапредување (број во рефератот: 3) | **2** | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | **4x2=8** | |
| | Вкупно поени | **10 од потребни 7** | |

**Вкупно поени: 131,5**